Врз основа на член 13 став (1) од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 59/25) и член 5 став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар, бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година, бр. 01-197/3 од 15.04.2024 година, бр. 01-109/3 од 11.02.2025 година, бр. 01-157/4 од 25.3.2025 и бр. 01-121/3 од 9.2.2026 година, Државниот испитен центар, распишува

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**за избор на надворешни соработници-оценувачи на делови од тестови на меѓународната студија ТИМСС 2027 - TIMSS 2027 (Trends in International Mathematics and Science Study)**

**I.** Државниот испитен центар Скопје распишува јавен конкурс за избор на надворешни соработници - оценувачи за оценување на делови од тестови од меѓународна студија ТИМСС 2027 - TIMSS 2027 (Trends in International Mathematics and Science Study), која ги мери знаењата и способностите на учениците по математика и природната група предмети, и тоа:

1) **четири оценувачи на македонски јазик и на англиски јазик и**
2) **двајца оценувачи на албански јазик и на англиски јазик.**

**II. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:**

- да е државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област (според нормативот за видот и степенот на стручна подготовка за наставник по одделенска настава во четврто одделение и во согласност со одредбите од Законот за основното образование и Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта);
- да имаат најмалку 3 (три) години работно искуство во настава.

**III. Кандидатите задолжително ја доставуваат следнава документација:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.мк);
- уверение за државјанство;
- копија од уверението/дипломата за завршени соодветни академски студии од прв циклус, заверена на нотар и
- потврда за засновано редовен работен однос и соодветно работно искуство од најмалку 3 (три) години во настава.

**IV.** Изборот на надворешни соработници - оценувачи на делови од тестови на меѓународната студија ТИМСС 2027 - TIMSS 2027 (Trends in International Mathematics and Science Study), се врши на начин и во постапка утврдена со Законот за Државниот испитен центар и Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар.

**V.** Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е пет дена.

**VI.** Изборот на надворешните соработници ќе се изврши најдоцна во рок од 18 (осумнаесет) дена по истекот на рокот за пријавување.

**VII.** Ненавремена, нецелосна и невалидна документација, нема да биде предмет на разгледување.

**VIII.** Пополнетата пријава со потребната документација се доставува во Архивата на Државниот испитен центар (од 10:00 до 14:00 часот) или со препорачана поштенска пратка на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. Васил Ѓоргов" 6.6. 1000 Скопје, со назнака „**За јавен конкурс за надворешни соработници – оценувачи за оценување на делови од тестови од меѓународна студија ТИМСС 2027**".

**IX.** Дополнителни информации за јавниот конкурс можат да се добијат на телефонскиот број 076/284-335, секој работен ден од 10.00 часот до 14.00 часот.

**ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР**